Напишано од Оливер Арсовски
Среда, 13 Март 2019 17:25 -



Бранот иселувања што го зафати Кратово, дефинитивно ја промени демографската структура во нашата Општина. Бројките се поразителни, но постои надеж дека бранот може да запре доколку невработените во општината одлучат да користат некоја од мерките од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година, за кој во Буџетот се издвоени рекордни 1,1 милијарда денари.

„*Со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година се утврдуваат програмите, мерките и услугите за вработување кои ќе обезбедат создавање на нови работни места, поддршка за креирање на нови работни места, посебно на младите и корисниците на право на парична помош од социјална заштита* “ - не информираше раководителот на подрачната единица - Центар за вработување во Кратово, Магделена Арсовска.
Во продолжение, со клик врз линкот, сите заинтересирани може да се запознаат со активните програми и мерки за вработување, а за повеќе информации може да го посетите Центарот за вработување во Кратово.
http://av.gov.mk/content/pdf/OP2019_web.pdf